Димитар ДИМЕСКИ

# ДРЕНОВСКАТА АФЕРА, 1895 ГОДИНА

Појавата на организираното македонско националноослободително движење на историската сцена предизвикала силен ефект во круговите на бугарската буржоазија. Одеднаш таа се нашла исправена пред снажен самостоен, самобитен фактор, кој смртно го загрозил нејзиниот престиж и нејзините „историски“ интереси во Македонија. Затоа, таа и овојпат вешто се послужила со македонската емиграција во Бугарија за да ѝ парира и да ја неутрализира дејноста на Македонската револуционерна организација. Притоа се надевала дека така најлесно ќе успее да го сврти текот на настаните во своја корист.

Обединувачкиот конгрес на македонските друштва во Бугарија и создавањето на Македонскиот комитет во Софија на чело со Трајко Китанчев — станале со благослов на бугарската буржоазија.[1] Македонскиот комитет веднаш станал инструмент во рацете на бугарската буржоазија што станало сосем евидентно по инсценирањето на т.н. Мелничко востание во 1895 година[2].

Негативните последици за македонскиот народ од ваквата инструирана раздвиженост на македонската емиграција во Бугарија од страна на бугарската буржоазија — набргу дошле до израз.

Дреновската афера претставувала алка во сплетот на негативните последици од надворешното мешање во внатрешните работи на македонскиот народ.

Корупцијата, неправдите, теророт и разбојништвото ги карактеризираат последните години од валијството на Мехмед Фаик паша во Битолскиот вилает. Тогаш сигурноста на животот, имотот и честа биле сведени на минимум. Од неодамнеш-

---

[1] Cf. Иван Катарџиев, Создавањето на Македонскиот комитет во Софија и неговата акција 1895 година во Источна Македонија, Гласник на институтот за национална историја, IX/2, Скопје, 1965, 77—110.

[2] Cf. Крсте Битоски, Македонија и Кнежевство Бугарија (1893—1903), ИНИ, Скопје, 1977, 34—41.

ната Фариjска институциjа на Халил Рифат паша со коjа се сечеле гранките на разбоjничката деjност, останале само убави спомени.

Целиот вилает се нашол во вителот на разновидни разбоjнички бесчинства. Грабежи, палежи, силувања и убиства — станале речиси секоjдневна поjава. Броjни муслимански разбоjнички банди, составени претежно од албански елемент, ги преплавиле, тероризирале и сосипале: Дебарско, Струшко, Охридско, Ресенско, Кичевско и Порече. Разни бесчинства биле присутни и во Прилепско, Крушевско, Мариово, Битолско, Леринско, Костурско, Каjљарско[3].

Со своите разбоjнички манири, покраj разбоjничките чети се истакнале разни турски деребеи, качаци, мултезими, бирници, дерудеџии, полjаци и сл. Сите тие сочинувале само дел од широкиот спектар на народните изедници, коj на чисто разбоjнички начин jа цедел потта и го голтал трудот на обесправените народни маси во Битолскиот вилает.

Таков еден изедник што се прославил во тероризирањето на масите во Прилепско бил Расим-бег од с. Десово[4]. Под мултезимската маска фактички се криел разбоjник од крупен калибар[5]. Селото Дреновци, Прилепско, наjдобро ги искусило неговите разбоjнички манири.

Така, на 6 jануари 1895 година[6] „се jавил во с. Дреновци (Прилепско) прочуениот разбоjник Расим и побарал од селаните 120 т. лири. Од немање тие се мачеле да го скротат ѕверот со благи зборови, но тоj, откако безмилосно натепал неколку души од нив, ги принудил селаните да си ги заложат имотите само и само да му го платат разбоjничкиот данок"[7].

Ненаситниот Расимов апетит наскоро повторно дошол до израз. Во февруари 1895 година Расим повторно го обложил селото Дреновци, овоjпат со 300 турски лири. Притоа барал веднаш да му се исплатат 210 т. лири, а остатокот го оставал за подоцна. Воедно се заканил дека ќе го изгори селото доколку не му се исплати бараната сума[8]. Во друга прилика, злосторникот го натерал дреновскиот свештеник да jа стави Расимовата

---

[3] Дописките во в. Право од разните краеви на Битолскиот вилает наjдобро сведочат за тоа. Cf. в. Право, I/1, София, 12 ноемврий 1894 г. — I/48, 5 ноемврий 1895 година.

За тоа делумно сведочат и српските конзулски извештаи од Битола во наведениот временски период. Cf. ПО — ДСИП, м-444 и м-445 Архив на Македониjа, Скопjе.

[4] Извештаj на Д. Боди пов. бр. 31/5 jуни 1895 г. Битола, испратен до М. Богиħевиħ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македониjа Скопjе.

[5] Ibidem.

[6] 25. XII. ст. стил. В трѣшенъ отдѣлъ, в Право, I/11, Софиу, петъкъ 20 унуарий 1895 г., 2—3.

[7] Вѫтрѣшенъ отделъ, в. Право, I/11 . . . , 3.

[8] Дописки, Прилѣпъ, 16 мартъ, в. Право, I/20, София, петъкъ 31 мартъ 1895, 4.

фотографија во иконостасот на селската црква „за да го гледале жените зошто бил многу убав“[9]. На 23 февруари, ст. стил/7 март н. стил 1895 година Расим повторно навратил во Дреновци и притоа „го забележал отсуството на неговиот портрет поради што белобрадиот свештеник бил тепан до смрт. Тој строго заповедал да му се најде портретот и да се остави на неговото место, откако се закaнувал дека во спротивен случај ќе го исколи селото. Целото село е обземено од страв и трепет. Сите очекуваат колеж“[10].

Уште од почетокот на 1895 година почнале да се уфрлуваат мали чети од Бугарија во разни правци на Македонија со цел, од една страна — да се храни „пропагандната кампања за неиздржливост на положбата во Македонија“[11], а од друга — да се подготви терен за поширока вооружена провокација во Македонија.

Таква една чета, составена од 6 души[12], а предводена од стариот прилепски арамиски војвода Димо Дедото[13], пристигнала во Прилепско во м. март 1895 година[14]. Четата била подготвена и испратена од браќата Иванови во Софија[15]. Четата имала авангардна намена. Таа имала за задача да го убие Расима, а со тоа да го подигне борбениот дух на населението[16], како и да подготви терен за поширока четничка инфилтрација однадвор[17].

По пристигањето, четата обиколила неколку прилепски села, меѓу кои биле селата Небрегово, Присад и Дупјачани[18]. На повикот на Димо Дедото неколкумина прилепски граѓани, посветени во Македонската револуционерна организација (Јордан Гавазов, Панто Карамбулев, Тоде Јарамбобол, ѓаконот Константин, Диме Палавранов и др.), се сретнале со четата во месноста „Сивец“, близу Прилеп. Притоа четата го побарала нивното содејство и помош за нејзиното снабдување со оружје, муниција и провијант[19].

---

9 Прилѣпъ, 16 мартъ., в. Право, I/20.., 4.

10 Ibidem.

11 Ив. Катарџиев, Создавање на Македонскиот комитет во Софија и неговата акција 1895 година во Источна Македонија, ГИНИ, IX/2, 1965, 81.

12 Телеграма од Д. Боди од 10 март ст. стил 1895 година. Политичко одделение, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје.

13 Д. Дедово, според Боди, бил неколку години на робија во Србија поради тоа што убил човек. „Пред година дена излегол од робија и преминал во Бугарија, откаде сега пак дојде во Македонија“. (Извештај на Д. Боди, пов. бр. 15/10 март 1895 г., Битола, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје).

14 Извештај на Боди, пов. бр. 15/10 март..., м-445.

15 Ibidem.

16 Георги Трайчевъ, Градъ Прилѣпъ, София, 1925, 223.

17 Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 15/10 март..., м-445,

18 Г. Трайчевъ, op. cit., 223,

19 Ibidem,

Секако дека членовите на МРО кога ѝ излегле во пресрет на ваквата инфилтрирана надворешна чета биле далеку од помислата за некоја надворешна заткулисна игра[20], доколку повеќе што Д. Дедото бил тукашен човек, кој како војвода на прилепска чета во 1883 година — оставил добри спомени[21].

Меѓутоа, вистинскиот карактер на четата бргу излегол на видело. Четата притаена во трлото на дреновчанецот Веле Савеиќ[22] на 14 март 1895 година[23] го убила бегликчијата Ахмед[24]. Веднаш потоа четата го напуштила Прилепско и се повлекла во Бугарија[25].

Прилепскиот кајмакам, дознавајќи за случајот, испратил потера од 50—60 души на чело со јузбашија[26]. Прв потерата за „комитите" ја известил небреговскиот полјак Аце. Фактички со него клопчето почнало да се одвиткува. Аце изјавил дека од комитите дознал „како се пратени од Бугарија и како дошле да си најдат сместувалиште — и штом ќе се стопли ќе дојдат уште од нив од Бугарија, меѓу кои ќе бидат и двајца бугарски офицери"[27]. Ваквата изјава на полјакот го заинтригирала вниманието на водачот на потерата. На прашањето: зошто не ѝ јавил за тоа на власта, полјакот истакнал дека отишол со таква намера во Прилеп, но дека бил разбуден од бакалот Тоде (Точак, м. б.), ортак на Имери ефенди, кој му рекол: „Оди, гледај си ја својата работа, ова не е твоја работа!"[28].

Прилепската власт ја намирисала политичката позадина на споменатово убиство. Затоа веднаш уследиле претреси во куќите на сомнителните, како и првите апсења. Први биле затворени Аце Полјакот од Небрегово, Тоде Точак и Ицко Гавазот од Прилеп, Тале Дурле од с. Волково, Прилепско, и уште десетина

---

[20] „Нашата психологија на чисто месни рожби не ја допушташе мислата, дека може Бугарија тука да игра нешто за свои цели». (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 26).

[21] За поврзувањето на Пере Тошев и неколкумина негови школски другари со четата на Д. Дедото во 1883 г. види:

Г. Трайчевъ, Единъ споменъ за Солунската мѫжка гимназия „св. Кирилъ и Методи", Ил. Илинденъ, 3/2 (22), София, 1930, 1—2;

Љ. Лапе, Животот и делото на Пере Тошев, (Пристапно предавање во МАНУ), Скопје (1972 г.), 3.

[22] Списъкъ на арестуванитѣ въ Прилѣпъ по случай убиството на единъ Турчинъ, в. Право, I/28, София, вторникъ 30 май 1895, 4.

[23] Statement of Akjé Bekjé. — To J. Blunt-Salonica, Monastir, september 14, 1895 (Monahan), m — 328, Arhiv na Makedonia, Skopje.

Меѓутоа, според Д. Боди, убиството било извршено во петокот на 3/15 март н. стил 1895 во приквечерните часови. Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 15/10 март. . . , м-445.

[24] Il. R. Console in Monastir (A. Scaniglia) — al Ministro degli affari esteri, Monastir, 21 settembre 1895, No 116 (CVII), M-LIX/703, 44, Arhiv na Makedonija, Skopje.

[25] Г. Трайчевъ, op. cit., 223.

[26] Извештај на Д. Боди, пов. бр. 15/10 март . . . , м-445,

[27] Ibidem.

[28] Ibid.

селани од Небрегово и Дреновци[29]. Притоа, овчарчето што ги чувало овците во трлото на Савеиќ подлегнало на маченьата[30].

Наскоро, во прилепскиот затвор во врска со Дреновската афера се нашле следниве лица:

„1. Ицо Гавазот, 60 годишен човек, по занает ковач, во средна состојба, кој еднаш бил обвинет и ослободен со рушвет од 7 лири; вторпат арестуван и обвинет за поткрепа на комитите. Арестуван во почетокот на март (ст. стил, м. б.);

2. Јордан Гавазов, син на Ицо, 20 годишно момче со здрава и јуначка телесна конституција, арестуван по истите причини како и татко му. При првото иследување кое стана на првиот ден на Велигден, му бил изведен лажен сведок — Циганин, кого тој јавно го исмеа;

3. Тоде Точак (Мал Бомбол)[31], бакал, на 35 годишна возраст, арестуван заедно со Ицко Гаваз, како бакал на Дреновчани;

4. Тале Дурле[32] (родум од Волко'о село), имотен селанец, арестуван заедно со Гавазот како јатак на комитите;

5. Поп Константин (стариот ѓакон), свештеник на 70 годишна возраст, арестуван на 5 април (ст. стил, м. б.) Велигден, како роднина на некаков 'комита' Дедо;

6—7. Мицо и Антон Кантарџиеви[33], момчиња на 20—25 годишна возраст, по занает терзии. Арестувани на првиот ден на Велигден на орото, како сродници на гореспоменатиот комита — и за јатаклак;

8. Никола Кусев (син на рибарот Коне Кусев), здраво момче на 25 годишна возраст, затворен заедно со Кантарџиеви на првиот ден на Велигден;

9. Диме Аџаров, бакал во Софија и

---

[29] Cf. Дописки, Прилепъ 18 мартъ, в. Право, I/20, София, петъкъ 31 март 1895 г., 4; Извештај на Д. Боди, пов. бр. 15/10 март . . . , м-445; Извештај на Д. Боди, пов. бр. 24/20 април 1895 г., испратен до М. Богиќевиќ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445. Архив на Македонија, Скопје.

Веројатно тогаш е уапсен Ордан Тренков, првообвинет на процесот во врска со Дреновската афера.

[30] Дописки, Прилѣпъ 16 мартъ, в. Право, I/20, 31 мартъ 1895, 4.

[31] Познат е и под презимето Најдов. Cf. Хроника, в. Право, I/43, София, неделя, 10 септемврий 1895, 2.

[32] „Речениот Тале е дєста имашлив и сакаат да го искубат како што сакаше и сака Расим». (Дописки, Прилѣпъ 18 мартъ, в. Право, I/20 . . . , 4).

Познат е и под презимето Митрев. Cf. Хроника, в. Право, I/43, София, 10. IX. 1895, 2.

[33] Боди ги споменува како Андон и Гичо Кантарџиеви. Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 24/20 април 1895, испратен до М. Богиќевиќ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје.

10. Ангеле Ристев[34], дошле за Велигден од Софија, арестувани на Велигден зошто дошле од Софија;

11. Стојан Лазов и

12. Јован Бретлов[35], арестувани во Солун и препратени во Прилеп, зашто една недела по пристигањето побарале пак да се вратат во Софија;

13. Петре Сарапиен, свеќар[36], 28 годишен, арестуван на Велики четврток и уште неиследуван;

14. Аце Л. Дамјанов, грнчар на 33 годишна возраст;

15. Диме Палавран, арестуван на Велигден штом пристигнал;

16. Рампо Дудин[37], арестуван заедно со Петрета свеќарот;

17. Тодор Налет, 35 годишен, кожар, арестуван во Корча и врзан доведен во Прилеп, осомничен да не е некојси Тодор Најчев;

18. Тодор С'стров, 40 годишен, доведен врзан од Битола во Прилеп, по истата причина по која и Тодор Налет;

19. Коте Курлев, доведен во Прилеп зашто го гледале дека е буен, пргав и мажествен;

20. Мире Менка, родум од Дојран, доведен во Прилеп зашто бил прилепчанец (по потекло. м., б);

21. Нонка Г. Тавчиев, доведен во Прилеп, но ослободен по првото иследување, момче на 21 годишна возраст.

Од с. Небрегово се следните арестанти:

22. Јованче Црвенков, 35 годишен, доста имашлив. Арестуван како јатак на комитите. Му зедоа 2 лири рушвет;

23. Сокол Ламески, 55 годишен, со 1.000—1.200 лири имот. Арестуван поради сина си Глигор, кој живеел во Бугарија, а сега во Србија, кого го обвинуваат дека бил комита;

24. Димко С. Ламес(ки), син на Сокола, арестуван по истата причина.

Глигор (тоа, м. б.) го демантира — со писмо (од кое се гледа, м. б) дека се наоѓа во Белград со своите мајстори. Тоа писмо е во архивите на нашата власт. Сокол беше потоа ослободен за 2 лири рушвет, но повторно арестуван како јатак на комитите;

---

[34] И Ангел Ристев бил бакал во Софија. Cf. Хроника, в. Право, I/43 . . . , 2.
[35] Познат е и по презимето Кочов. Cf. Хронија, в. Право, I/43 . . . , 2.
[36] Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 24/20 април . . . , м-445.
[37] Ibidem.

25. Јонче Ѓурев, 40 годишен, имашлив. Арестуван за внука си Глигора Соколов[38];

26. Никола Димков, 45 годишен, имотен, арестуван како јатак на комитите;

27. Антон Цветков, 60 годишен, арестуван зашто божем рекол: 'Ете ги кокошкарите потерции';

28. Цветан Ангелев, 35 годишен, имашлив, арестуван зашто не кажува каде се комитите. Му зедоа 2 лири рушвет;

29. Нешко Рутнос, 65 годишен, имашлив, арестуван бидејќи син му Трајче убил (пред 6—7 години) еден арамија — убиец на брата му Мојса. Трајче избегал и не се знае каде е. Сега го бараат убиениот арамија. Му зедоа 2 лири рушвет;

30—32. Браќа Чумови (Никола, Ристе и Ѓорѓи, — 50, 45, 30 г.), имотни трговци, затворени како јатаци на комитите — и уште зошто божем сакале да го убијат разбојникот Расим;

33. Станко Дудески, 30 годишен, средна рака, воденичар; арестуван зашто божем давал прибежиште на комитите во својата воденица;

34. Велко Тодорчев, 35 годишен, имашлив, арестуван зашто купил мартинка и сега му ја бараат. Откако бил тепан до смрт му ја зедоа мартинката и уште 2 лири рушвет;

35. Аврам Николов, 55 годишен, имашлив, арестуван за јатаклак и за некажување каде се комитите. Му зедоа 2 лири рушвет;

36. Аце Полјакот, 60 годишен, по занимање полјак (падар), арестуван дека божем го убил бегликчијата и ги довел комитите;

37. Марко Трајчев, 50 годишен, сиромав, арестуван и ослободен со 2 лири рушвет.

Од с. Дреновци се следните арестанти:

38. Веле Савеиќ, 70 годишен, имашлив, во неговото трло е убиен бегликчијата. Арестуван е со сина си;

39. Митре Савеиќ, 45 годишен, силен и цврст во телесната конституција;

40—41. Петре Баберко, 60 годишен и син му, имотни, затворени за некажување каде се комитите;

42. — (43, м. б.). Цветко Павлев, 50 годишен, и син му, средна рака, затворени зашто последниот го нашле без тескере за ќумур, како комити;

---

[38] Г. Трајчев погрешно смета дека Глигор Соколов бил во четата на Димо Дедото. Навистина такво било турското тврдење, меѓутоа, самиот Глигор со писмо од Белград тоа го демантирал. Cf. Г. Трайчевъ, op. cit., 223.

43. Ристе Тодев, 35 годишен, сиромав, затворен зашто сакал да го убие Расима, крвопиецот;

44. Најдо Генов, 20 годишен, средна рака, преселен в град, затворен зашто сакал да го убие Расима;

45. Никола Милостник, арестуван за сина си, кој го придружувал бегликчијата до трлото, каде бил убиен. За 2 лири рушвет се ослободи, а на сите другите им зедоа по 5 лири и не ги ослободија"[39].

Во поракаta публикувана во вилаетскиот официоз „Монастир"/бр. 520 од 19 април ст. стил 1985 година, а наменета за потчинетите органи на власта во Вилаетот, прозвучил енергичниот тон на новиот валија Абдул Керим паша[40] со цел: преку крајна мобилност да се докрајчи нестабилната положба во Вилаетот[41].

Ваквата мобилност, на Абдул Керима не му била толку потребна за сузбивање на разбојниците, колку поради евентуален прилив на чети од Бугарија и внатрешни немири[42]. Впрочем, симптоми за тоа постоеле. Т. н. Дреновска афера го насочила речиси сето негово внимание во тој правец.

Првата грижа на Абдул Керим паша била да го собере оружјето од христијаните. Обезоружителната акција ја започнале бројни турски потери по битолските, прилепските и кичевските села, барајќи „пушки мартинки"[43]. Воедно им било забрането на пушкарите да им поправаат какво и да е оружје на христијаните, а на фишекчиите да не смеат да полнат или да им продаваат патрони[44]. Оваа мерка имала превентивен карактер. Таа била насочена кон парализирање на подлогата за евентулно движење инспирирано од Македонскиот комитет во Софија[45]. Притоа Дреновската афера пружила одлична можност за оправдување на посочената мерка пред јавноста.

Резултатите од обезоружителната акција биле мошне бедни. „Така, во Крушево се најдени неколку пушки закопани на гробишта, а освен тоа и во прилепските села власта веќе собрала една количина пушки"[46].

---

[39] Списъкъ на арестуванитѣ въ Прилепъ по случай убийството на единъ Турчинъ в. Право, I/28, София, вторникъ 30 май 1895, 3—4.

Меѓутоа, во овој список не се наведени неколкумина осудени во врска со Дреновската афера, меѓу кои и двајца од селата Чумово и Загорани. Cf. Хроника, в.. Право, I/43 . . . , 2.

[40] Cf. Битолския валия Абдулъ Керимъ-паша, в. Право, I/42, София, неделя 3 септемврий 1895, 1—2; /I/43, неделя 10 септемврий 1895, 2.

[41] Извештај на Д. Боди, пов. бр. 24/20 април . . . , м-445.

[42] Ibidem.

[43] Извештај на Д. Боди, пов. бр. 25/22 април 1895, испратен до М. Богиќевиќ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје.

[44] Извештај на Д. Боди, пов. бр. 25/22. IV . . . , м-445.

[45] Ibidem.

[46] Ibidem.

Бројните потери што се распрснале првенствено во североисточните делови на Вилаетот немале за цел да гонат разбојници. Нивните намери биле свртени кон оневозможување какво и да е комитско движење во Вилаетот[47]. Масовните политички апсења во врска со Дреновската афера покажуваат од каде фактички резултирало неспокојството на официјалната османска власт во Вилаетот.

Османската вилаетска власт нарочно ставила пренагласен акцент на Дреновската афера. Колку далеку отишла во тоа се гледа и од фактот дека дури и самиот валија Абдул Керим паша отишол во Прилеп лично да ги сослушува обвинетите[48].

Дреновската афера се покажала како одлично средство за оправдување на мерките што ги презела османската власт кон христијанскиот елемент во тој дел на Вилаетот.

Во прв ред, самата обезоружителна акција била проследена со малтретирања на христијанското население. Од друга страна, самите потери се оддале на пљачка и бесчинства од секаков вид. За тоа најдобро сведочи следниов пример: „... Сега во Мариово има еден јузбашија испратен од Битола божем да ги чува селаните од комити и арамии, но всушност тој е по арамија од тие арамии кои божем ги гони. Обиколува од село в село, тука завлече нешто, оттаму грабне друго, тука бесчести, таму псуе, вика и сл. сл...., а горките селани му го исполнувале барањето зашто му ги помнеле зборовите: 'Штом некој ми противречи нема да жалам грош за куршумот зошто сум дебарлија!'„[49].

Во Крушево во голем застој била трговијата „откога дојдоа војниците"[50].

Покрај тоа, сомнителни на власта станале сите оние печалбари што работеле во Бугарија или пак оние што биле таму во обична посета. Нивните куќи биле претресувани и пљачкани, а самите стопани биле малтретирани, затворани и со голем рушвет пуштани на слобода[51].

Издавањето на пасоши било сведено на минимум. Идните печалбари биле пресретнувани со зборовите: „Керата сакаш тескере за да одиш во Бугарија и да станеш кумита!". Доколку истите упорно настојувале да добијат такво тескере, обично, биле тепани и затворани[52].

---

[47] Cf. Битолския валия Абдулъ Керимъ паша, в. Право, I/43,2.

[48] „Валијата во еден разговор ми рече, дека тој отишол во Прилеп и лично ги испитувал овие комити, и дека видел и се уверил, и дека за тоа постојат докази оти навистина комитетите се испратени од Бугарија и дека веќе за тоа ја известил својата влада во Цариград». (Извештај на Д. Боди, пов. бр. 31/5 јуни 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје).

[49] Дописки, Прилѣпъ 1 юний, в. Право, I/32, София, сѫбота 24 юний 1895, 4

[50] Дописка, Крушово, в. Право, I/25, Софиу, вторникъ 9 май 1895, 4,

[51] Cf. Крушово в, в. Право, I/25..., 4.

[52] Дописки, Прилѣпъ 18 мартъ, в Право, I/20, София, петъкъ, 31 мартъ 1895, 4.

За да се ублажи возбудувањето поради масовните апсења во врска со Дреновската афера, валијата Абдул Керим паша распишал потерница по злосторникот Расим, чие име било неразделно сврзано со споменатата афера. Расимовата глава била проценета на 150 т. лири[53]. Тоа го принудило Расима да поведе преговори преку својата мајка за лично предавање на власта[54]. На 21 мај ст. стил 1895 година Расим се предал на прилепските власти, а потоа, со стража, бил префрлен во Битола[55]. Притоа во Прилеп и Битола јавно биле истакнати хектографирани плакати со следнава содржина: „Кој има тужба против Расима потцртано) или да бара нешто од него, портите на власта се отворени и тужбата ќе му се разгледа“[56].

Ваквата лицемерна постапка на валијата кога за докажаниот злосторник барал докази од заплашеното население, а на друга страна судел невини луѓе[57], ја докажува не само неговата дволичност, демагогија и пристрасност, но и неговиот политички интерес кон егзистирањето на разбојништвото.

Два дена подоцна, „во вторникот, 23 мај[58], затворниците по случај убиството на Турчинот бегликчија во с. Дреновци, на број 50[59], се испратија во Битола. 24 души помлади граѓани беа отерани пешки и врзани со синџири гуша за гуша, а останатите затворници во коли. Цел Прилеп беше излегол да ги испрати тие несреќници дури по 'Црвени брегови'. Ужасна и потресна слика претставуваше групата од врзани за вратот сè млади јунаци, наши браќа, како душите во пеколот. Воздухот го цепеа

---

[53] Покрај тоа, била ветена награда од 200 т. лири на оној што ќе успее да го фати Расима и жив да го предаде на власта Види: Извештај на Д. Боди, пов. бр. 31/5 јуни 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје.

[54] Извештај на Д. Боди, пов. бр. 31/5 јуни . . . , м-445.

[55] Расимъ самоволно се прѣдалъ, в. Право, I/29, София, вторникъ, 6 юлий 1895, 1.

[56] Х., Прилепски комити, в. Право, I/31, София, 20 юний 1985, 4.

[57] Битолския валия Абдулъ Керимъ паша, в. Право, I/43, София, 10. IX, 1895, 2.

[58] 4 јуни нов стил 1895 година.

[59] Меѓутоа, според Боди, биле затворени 40 лица. И Ѓ. Петров споменува околу 40 затвореници. Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 42/15 јули 1895 г, испратен до Ст. Новаковиќ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје; Спомени на Ѓ. Петров, Скопје, 1950, 28.

Според италијанскиот конзул во Битола, Сканилја, 46 лица биле затворени во Битолскиот затвор во врска со Дреновската афера. Cf. Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari esteri, Monastir, 30 Iuglio 1895, m-LIX/704, 36, Архив на Македонија, Скопје.

И според Монахан имало 46 затвореници. Cf. To J. Blunt-Salonica, Monastir, september 14, 1894, m-328, Архив на Македонија, Скопје.

Во друг, подоцнежен извештај, Сканилја јавува дека имало 52 обвинети. Доколку оваа бројка ја намалиме за 8-те обвинети во отсуство, тогаш таа ќе се сведе на 44 затвореници. Cf. Il. R. Console in Monastir al Ministro . . . , Monastir 21 settembre 1895, No 116 (CVII) m- LIX/703, 44, Архив на Македонија, Скопје.

Се чини дека бројката од 44 затвореници е најреална. Впрочем таа бројка е изнесена и во еден напис на в. Право. Cf. Изъ допискитѣ ни, Прилѣпъ 16 септемврий 1895, в. Право, I/46, София, неделя 8 октомврий 1895, 4.

писоците на мајките, татковците, сестрите, жените, браќата на тие несреќници. Никому не му беше дозволено да се доближи до нив, а колку мајки не можеа да се воздржат да не ги прегрнат своите синови, беа туркани со кундаците од вардачите во ендеците. Затворениците ги вардеа 20 коњички стражари, 20 коњички војници и 10 пешачки стражари. Косите ни се наежија, крвта ни кипна, трпки ни полазија кога целиот синџир робје ги запеа револуционерните песни ... Целиот народ горко плачеше"[60].

Притоа, во знак на протест, прилепската чаршија била демонстративно затворена[61].

Сличен демонстративен пречек подготвувале битолските граѓани. Изненадени од прилепското демонстративно испраќање и револуционерниот полет, турските спроводници, овојпат со искуство повеќе, успеале незабележано да ги провлечат затворениците низ прикрајните улички до битолскиот затвор и така да ја одбегнат репризата на прилепските револуционерни сцени[62].

Судскиот процес против обвинетите во врска со Дреновската афера бил закажан за 31 јули 1895 година[63], но всушност започнал на 2/14 август 1895 година[64]. Судот заседавал четири пати и тоа: на 2/14 август, на 16/28 август, на 17/29 август и на 21 август/2 септември н. стил 1895 година[65].

Затворениците биле обвинети за разбојништво, соучесништво во разбојништво и бунт, т.е. за кривични дела кои се казнувале според чл. 57[66], 58, 59 и 63 од Османскиот кривичен законик[67].

Во обвинителниот акт подигнат врз база на резултатите од истражната постапка, меѓу другото, се истакнува:

„— дека 4 Бугари (Македонци, м. б.), кои седат меѓу обвинетите, родени во Македонија, а живеат во Софија, во февруари сковале завера за да влезат со една чета во прилепската каза во овој Вилает со намера да го убијат Расим-бега и другите Турци кои го угнетуваат христијанското население;

---

[60] Грозно, но величествено! ..., в. Право, I/30, София, сѫбота 10 юний 1895, 2.
[61] Спомени на Ѓ. Петров, Скопје, 1950, 28.
[62] Ibidem.
[63] Il R. Console in Monastir (A. Scaniglia) al Ministro degli affari esteri, Monastir 29 Iuglio, 1895, m-LIX/704, 36, Архив на Македонија, Скопје.
[64] Изъ допискитѣ ни, Прилѣпъ 16 септ., в. Право, I/46, София, 8. X. 1895, 4.
To J. Blunt-Salonica, Monastir, september 14, 1895, m-328, Архив на Македонија, Скопје.
[65] Ibidem.
[66] To J. Blunt-Salonica, Monastir, september 14.., m-328.
[67] Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari esteri, Monastir, 29 Iuglio 1895, M-LIX/704, 36, Архив на Македонија. Скопје.

— дека заверата е создадена под покровителство на Македонскиот иредентистички комитет во Софија[68], со чии членови обвинетите разговарале, добивајќи ветување за парична помош;

. . . — дека поради грешка во препознавањето бандата, наместо Расимбега, убила еден Турчин, даночник на десетокот за овци“[69].

Обвинителниот акт, главно, бил базиран на изјавите кои двајцата првообвинети Ордан Тодоров Кочиција[70] од Прилеп и Аце Полјакот[71] од с. Небрегово ги дале при истрагата во Прилеп.

Ордан Тодоров ја дал следнава изјава: „Работев во Софија како кочијаш. Еден ден се сретнав во кафеана со Григор од Прилеп[72], кој ми кажа за планот на Македонскиот комитет дека ќе се појават разни чети во Македонија; турскиот дел од Охрид треба да се заземе[73]; турските села и турскиот дел во Прилеп треба да се изгорат; барутните магацини во Битола треба да се дигнат во воздух, а угнетувачите на христијаните треба да се убијат. Комитетот испратил циркулари во Прилепската околија со Дедов и група Бугари[74]. Дојдовме во с. Дреновци и го сретнавме Аце Беке[75]. Дедов тогаш имаше со себе 6 луѓе. Дедов му рече на Аце: 'Ти не ме препознаваш; јас сум Дедов и сум дојден да го убијам Расим кој зел 150 лири од еден мој пријател. Имаме едно скривалиште кај Крстец'. Аце ни се придружи и ни кажа каде може да се најде Расим. Чекавме два дена во близина на Дреновци. Расим не дојде, но дојде Ахмед, инспектор на крадци[75а]. Дедов пукна во него и го уби. Останатите пукаа во

---

[68] Овде треба да се истакне дека Македонскиот комитет во Софија не бил уште формиран кога четата на Д. Дедото го извршила убиството на Ахмед во Дреновци (14 март).

Cf. И. Катарџиев, Создавање на Македонскиот комитет во Софија . . . , ГИНИ, IX/2, Скопје, 1965, 80.

[69] Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari esteri, Monastir 16 agosto 1895, No 94/(CVII), m-LIX/703, 67, Архив на Македонија, Скопје.

[70] Cf. Изъ дописките ни, Прилѣпъ 16 септ., в. Право, I/46, София, 8. X. 1895, 4.

[71] А. Сканилја го споменува како Аце Бекеј (Il R. Console. . , Monastir 21 settembre 1895, m-LIX/703, 44), а Monahan како Akjé Bekjé. (To J. Blunt . . . , Monastir, september 14, 1895, m-328).

[72] Се мисли на Глигор Соколов од Небрегово.

[73] Во август 1895 година локалната турска власт во Охрид соопштила дека, фатила компромитувачко писмо на охридските наставници Хаџиев и Н. Жупанов адресирано на некои „комити» во Софија. Во писмото, меѓу другото, се истакнувало: „Зошто досега не дојдоа комитите кои се определени за Охрид и околината. По зборувањето на владиката (Григориј, м. б) тие требаше да се веќе во Охрид» (Извештај на Д. Боди, пов. бр. 50/7 август 1895, испратен до Ст. Новаковиќ, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје).

Меѓутоа, изгледа дека споменатово писмо било подметнато, со одредена, цел да се поврзе со обвинението во врска со Дреновската афера.

[74] Такви циркулари биле пратени во Битолскиот вилает многу подоцна.

Cf. Извештај на Д. Боди, пов. бр. 42/15 јули 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м-445, Архив на Македонија, Скопје.

[75] Аце Полјакот од с. Небрегово.

Во текстот на Монахан името буквално гласи: Акје Бекје. Cf. ф. 71.

мртвото тело. По убиството, на двапати се сретнавме со жандармите. При второто сретнување јас бев отсечен од останатите и набргу фатен“[76].

Меѓутоа, обвинетиот Тодоров на судењето го негирал тоа, тврдејќи дека неговата изјава била скроена од „Управата“ во Прилеп[77].

Другиот првообвинет ,Аце Полјакот од с. Небрегово, ја дал следнава изјава:

„Неколку дена пред убиството на Ахмед јас бев в планина како полјак кога сретнав шест луѓе за кои сметав дека се чета и ги прашав каде одат и откаде се дојдени. Рекоа дека се дојдени од Бугарија. Нивниот водач тогаш рече: 'Зар не гледаш дека сум јас Дедов. Појди со мене и води ме. Јас ќе го убијам Расим'. Јас тргнав со нив до извесно место. Потоа појдов до Јованче (Велков, м. б.), мухтар на с. Дреновци и му кажав за целата работа, а тој ми рече ништо да не правам со тие луѓе. Но, Јованче потоа разговарал со Дедов. Јас покажав на местото откаде требаше да дојде Расим, но Ахмед бил убиен наместо Расима (на 14 март). Јас бев заминал кога убиството се случило, но се вратив и повторно му се приклучив на Дедов“[78].

Иако Аце Полјакот на судот ја негирал споменатава изјава[79], сепак таа изгледа потполно веродостојна.

Што се однесува до изјавата на Ордан Тодоров, се чини дека таа во најголем дел била исконструисана во османската политичка кујна врз база на одредени индиции — со основна цел на Дреновската афера да ѝ се даде белег на завера од пошироки размери со што самиот процес би добил чисто политички карактер.

Според прилепскиот дописник на в. Право, на првото судско заседание одржано на 2/14 август 1895 година, кога судот ги повикал двајцата првообвинети јавно да ги потврдат своите писмени искази „публиката остана зачудена кога рекоа дека никого не познаваат ниту пак имале работа со арестуваните; тие со солзи на очите се оплакуваа дека прилепските власти ги терале силум и со тепање да даваат компромитувачки сведенија“[80].

Покрај тоа, Аце Полјакот се бранел на судот дека паднал в затвор поради лажна информација на Ордан Тодоров[81].

---

[75]a Ahmed bil beklikčija.

[76] Statement of the... Ordan Todor. To J. Blunt-Salonica, Monastir, september 14, 1895, m-328, Архив на Македонија, Скопје.

[77] To J. Blumt., m-328.

[78] Statement of Akjé Bekjé. — To J. Blunt-Salonica, Monastir, septembre 14, 1895, m-328, Архив на Македонија, Скопје.

[79] To J. Blunt..., m-328.

[80] Изъ дописките ни, Прилепъ 16 септ., в. Право, I/46, 8. X. 1895, 4.

[81] To J. Blunt-Salonika, Monastir, september 14, 1895, m- 328, Архив на Македонија, Скопје.

Судот констатирал дека „Ордан Тодоров поткажал оти Тоде Бакалот (Точак, м. б.) ѝ дал 3 лири на четата и 'мартини' што овој порекнувал и во Прилеп и на судот.

Стојан Лазо(в) и Јован Кочо(в), и двајцата биле од Прилеп, биле кројачи во Софија. Од Софија заминале за Солун во месец март, дошле во Битола, поминале покрај Прилеп но не влегле во градот. Им требало 5 дена да стигнат од Битола до Солун. И двајцата на судот сѐ порекнувале“[82].

Илија Велјанов негирал на судот дека бил водич на четата и „порекнувал дека има дадено било какво писмено признание“[83]

Општо земено, сите обвинети на судот ги порекнувале своите обвиненија, вклучувајќи ги и оние што дале писмени признанија во претходната истражна постапка.

На судот сведочеле шестмина сведоци: 3 Турци и 3 христијани[84].

Притоа, „еден од Турците изјавил дека ја видел бандата со оружје в раце како поминува кратко време пред убиството. Другите двајца турски сведоци биле темничари (затворции) од Прилеп кои ја потврдиле исправноста на запишаните изјави од обвинетите.

Од христијанските сведоци еден рекол дека бил сведок на убиството, но не можел да идентификува ниеден од обвинетите. По убиството, тој го известил Јованче (Велков, м. б.) мухтарот, кој му рекол ништо да не зборува за настанот.

Вториот христијанин потврдил дека го слушнал разговорот меѓу горенаведените, но на судењето порекнувал дека го рекол тоа во Прилеп.

Третиот христијанин изјавил дека Ордан Тодоров и тројца други дошле да изнајдат соба во Крушево, но на судот го порекнувал своето тврдење[85]. Поради порекнување на својата изјава е затворен“[86].

На 2 септември 1895 година судот ги изрекол пресудите на обвинетите во врска со Дреновската афера[87].

Притоа, судот прогласил за виновни 25 (од вкупно 52 обвинети), а останатите ги ослободил од обвинението поради недостиг на докази[88].

Судот изрекол смртна казна за 8-те припадници на Димо Дедовата чета (во отсуство) и широка скала на временски каз-

---

[82] To J. Blunt . . , m-328.

[83] Ibidem.

[84] Ibidem.

[85] „На 16-ти (август ст. стил, м. б) судот го продолжи (разгледувањето на, м. б) делото дури до вечерта и на тоа заседание беше изведен за сведок еден крушевчанец. Сведокот запрашан дали го познава Јордан Кочицијата и што знае да каже за арестуваните, одговори дека ниту Јордана Кочиијата го познава, ниту пак имал со нив работа». (Изъ допигитѣ ни, Прилепъ 16 септ. в. Прао, I/46, 8. X. 1895, 4).

ни за 17 обвинети присутни во судницата (од 3 години до доживотна робија)[89].

Толку строгите казни, покрај климавите докази и инструирани искази, покажуват колку многу османските правосудни органи во колаборација со власта ја предимензионирале релевантноста на Дреновската афера[90].

На смрт (во отсуство) според чл. 57 од Османскиот кривичен закон биле осудени следниве лица: 1. Димо Дедото[91]; 2. Глигор[92]; 3. Свето[93]; 4. Веле; 5. Стојче; 6. Васил; 7. Јован и 8. Тоде Дедото[94]. Тие биле осудени на смрт поради „разбојништва извршени со соучество на Револуционерниот комитет во Софија, чија намера била да се поттикне бунт во Македонија и да се доведе во опасност државната безбедност“[95].

Присутните 17 обвинети биле осудени на временски казни и тоа:

а) На 101 година:

1. Ордан Тодоров од Прилеп; и
2. Аце Полјакот од с. Небрегово[96].

---

[86] To J. Blunt-Salonika, Monastir, september 14, 1895, m- 328.

[87] To J. Blunt.., m-328.

21 август ст. стил. Види: Изъ дописките ни, Прилѣпъ 16 септ., в. Право, I/46, 8. X. 1895 г., 4.

[88] Il R. Console in Monastir (A. Scaniglia) al Ministro degli affari, Monastir, 21 settembre 1895, No 116 (CVII), m-LIX/703, 44, Архив на Македонија, Скопје.

[89] Il R. Console in Monastir.., No 116 (CVI), m-LIX/703, 44; Cf. Хроника, в. Право, I/43, София, недѣля, 10 септемврий 1895, 2; To J. Blunt.., м-328.

[90] „Случајот против обвинетите, со исклучок на Ордан Тодор(ов) и веројатно Аце, може да се смета дека бил мошне слабо воден» — истакнува Монахан. (To J Blunt.., м-328).

„Според заклучоците од иследувањето на прилепската полиција во врска со револуционерната дејност на Софискиот комитет и повредувањето на границата, (како, м. б) и другите разбојнички дела извршени од страна на Бугарите, се гледа дека пресудата е изречена во духот на политичките репресалии» — истакнува, меѓу другото, италијанскиот конзул во Битола, А. Сканилја. (Il R. Console.., Monastir, 21 settembre 1895, No 11 (CVII), m-LIX/703, 44, Архив на Македонија, Скопје).

[91] To J. B.lunt.., м-328. Il R. Console.., No 116 (CVII).

Потребно е да се истакне дека во време на изречувањето на пресудата Д. Дедото не бил меѓу живите. Тој загинал во судир со Турците при повторното навлегување во Македонија во летото на 1895 година. Cf. Свеш. Юр. Ангеловъ, Изъ четнишкото движение — единъ неизданенъ документъ презъ 1895 год., Илюстрация Илинденъ, кн. 3 (1903), 14.

Просто е неверојатно Турците да не знаеле за неговата смрт. Затоа мошне фрапира нивната смртна пресуда на веќе мртов човек.

[92] Веројатно се мисли на Глигор Соколов од с. Небрегово.

[93] Во оригиналот гласи: Светео. Види: Il R. Console.., No 116 (CVII), м-LIX/703, 44.

[94] Веројатно брат на Д. Дедото.

[95] Il R. Console..., No 116 (CVII), м-LIX/703, 44.

[96] Хроника, в. Право, I/43, 10. IX. 1895, 2; To J. Blunt.., м-328; Il R. Console.., No 116 (CVII), m-LIX/703, 44.

Притоа О. Тодоров бил осуден како член на „бандата на 8-те гореспомнати разбојници“, а Аце „како главен учесник во убиството на ..Ахмед“[97].

б) На 12 години робија:

(3) 1. Јованче Велков, мухтар, „за наговарање на злосторство со помош на 50 т. лири, ветени на разбојниците за убиството на Расим-бег (угнетувач на христијаните во Прилепско) и за убиство со помош на др. лица на ... Ахмед“[98].

в) На 10 години робија:

(4) 1. Стојан Лазов од Прилеп;

(5) 2. Јован Кочов од Прилеп; и

(6) 3. Никола Иванов од с. Чумово[99].

Споменативе личности биле обвинети како соучесници во разбојништвото на четата од Д. Дедото[100].

г) На 7 години затвор:

(7) 1. Тодор Најдов (Точак) од Прилеп;

(8) 2. Ордан Ицов (Гаваз) од Прилеп; и

(9) 3. Стефан Кочов од с. Дупјачани[101].

Тие биле обвинети за давање „пушки и муниција на разбојниците“[102].

д) На 6 години затвор:

(10) 1. Диме Кочов (Палавран), касап од Прилеп;

(11) 2. Петре Андреов од Прилеп[103].

На таа казна биле осудени како судски реконвалесценти (порано осудувани) поради помагање на четниците дојдени од Бугарија[104].

---

[97] Il R. Console.., No 116 (CVII), m-LIX/703, 44, Архив на Македонија, Скопје

[98] Ibidem. Cf. Хроника, в. Право, I/43, 10. IX. 1895, 2. Монахан го споменува под презимето Веков. Види: To J. Blunt.., м-328, Архив на Македонија, Скопје.

[99] Хроника, в. Право, I/43, 10. IX. 1895, 2; To J. Blunt.., м-328.

[100] Il R. Console.., No 116 (CVII), m-LIX/703, 44.

[101] Хроника, в. Право, I/43, 2; Cf. To J. Blunt.., м-328; Il R. Console.., No 116 (CVII), м-LIX/703, 44.

[102] Il. R. Console..., 44.

[103] Хроника, в. Право, I/43, 10. IX. 1895, 2.
Монахан ги споменува како Петре Бандера и Диме Палавиан. Cf. To J. Blunt.., м-328.

[104] Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari, Monastir, 21 settembre 1895, No 116 (CVII), m-LIX/703, 44, Архив на Македонија, Скопје.

ѓ) На 5 години затвор:

12) 1. Тале Митрев (Дурле) од с. Волково;
(13) 2. Илија Велјанов од с. Волково; и
(14) 3. Митре Ангелов од с. Дреновци[105].

Споменативе обвинети биле осудени бидејќи „ги воделе бандитите, им дале сместување и храна“[106].

е) На 3 години затвор:

(15) 1. Велко Петрев од с. Дреновци;
(16) 2. Петре Ангелов од с. Дреновци; и
(17) 3. Дамче Секулов од с. Загорани[107].

Последниве обвинети биле осудени поради „непријавување на бандитите, за чие доаѓање во селата знаеле“[103].

Ваквата судска пресуда била потврдена од Битолскиот апелационен суд на 25. IX/7 октомври н. стил 1895 година[109]. Веднаш потоа осудените поднесле жалби до Касациониот суд во Истанбул[110]. Резултатите од одлуката на Касациониот суд не ни се познати. Најверојатно е дека тој ги потврдил во целост решенијата на Битолскиот апелационен суд со оглед на фактот дека станува збор, пред сè, за политички процес, а познато е колку османското законодавство, во таков случај, било ригорозно.

Потребно е да се истакне дека во врска со Дреновската афера за првпат се нашле во политички процес и биле осудени за туѓа идеја членови на младата и сè уште кревка Македонска революционерна организација. Нивната одлична камуфлажа и нивното гранитно молчење ќе ја зачува тајната на внатрешното конспиративно ослободително дело, ќе ја спаси од провала нежната организациона мрежа и ќе им служи за пример на висок стоицизам на нивните организациони следбеници во нагорниот ȍд на македонското ослободително дело.

Дреновската афера, покрај грстот негативни последици, придонесла за подигање на борбениот дух, а со самото тоа, за снажно револуционизирање на македонските народни маси во североисточното крило на Битолскиот вилает.

---

[105] Хриника, в. Право, I/43, 10. 1895, 2. To J. Blunt-Salonica, Monastir, stepember 14, 1895, m-328, Архив на Македонија, Скопје.

[106] II. R. Console.., No 116 (CVII), m-LIX/703, 44.

[107] Хроника, в. Право, I/43, София, 10. IX. 1895, 2. II R. Console.., No 116 (CVII), м-LIX/703, 44. Кај Монахан единствено е изоставен Димче Секулов. Cf. To J. Blunt.., м-328, Архив на Македонија, Скопје.

[108] II R. Console.., No 116 (CVII), м-LIX/703, 44.

[109] Изъ дописките ни, Прилепъ 16 септ., в. Право, I/46, София, недѣля 8 октомври 1895, 4.

[110] Ibidem.

Dimitar DIMESKI

## DIE AFFAIRE VON DRENOVO IM JAHRE 1895

(Zussammenfassung)

Die Affaire von Drenovo aus dem Jahre 1895 stellt ein Kettenglied im Geflecht der negativen Folgen des äußerlichen Einmischens in die inneren Angelegenheiten des makedonischen Volkes vor. Damals fanden sich zum ersten Mal im politischen Prozeß und wurden wegen fremder Idee Mitgllieder der jungen und noch immer schwächlichen Makedonischen revolutionären Organisation (MRO) verurteilt. Ihre ausgezeichnete Camouflage und ihr wie Grannitt festes Schweigen bewahrten das Geheimnis des inneren konspirativen Werkes, retteten das zarte Organisationsnetz vor Durchbruch und dienten als Vorbild hohen Stoizismus ihren Organisationsnachfolgern im steilen Forstschreiten des makedonischen Befreiungswerkes.

Die Affaire von Drenovo trug, trotz geringer negativer Folgen, zur Erhebung des kämpferischen Geistes und dadurch auch zum kräftigen Revolutionieren der makedonischen Volksmassen im nordöstlichen Fliegel des Vilaet von Bitola bei.